# Службен гласник

| Број 33 | 15.06. 2015 год. |
|---|---|

на Општина Кавадарци


**С О Д Р Ж И Н А**


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за одредување на приоритетен проект; | **3** |
| Одлука за одредување на приоритетен проект; | **3** |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата; | **4** |
| Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата; | **4** |
| Решение за објавување на Одлука за одредување на приоритетен проект за изработка на урбанистички планови за населени места; | **5** |
| Одлука за одредување на приоритетен проект за изработка на урбанистички планови за населени места; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата за изработка на урбанистички планови за населени места; | **6** |
| Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата за изработка на урбанистички планови за населени места; | **7** |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за отпис на казнена камата бр.03-37/3 од 04.06.2015 година; | **8** |
| Одлуката за давање на согласност на Одлуката за отпис на казнена камата бр.03-37/3 од 04.06.2015 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти воОпштина Кавадарци; | **9** |
| Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти воОпштина Кавадарци; | **9** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План дел од Блок"Б" Урбан Блок "Едвард Кардељ" Општина Кавадарци, плански период 2014-2019; | **10** |

| | |
|---|---|
| Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План дел од Блок"Б" Урбан Блок "Едвард Кардељ" Општина Кавадарци, плански период 2014-2019; | |
| Решение за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година ; | **11** |
| Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година ; | **12** |
| Решение за објавување на Решението за задолжување; | **12** |
| Решение за задолжување; | **13** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одредување на приоритетен проект**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одредување на приоритетен проект, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2928/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар**
**Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за одредување на приоритетен проект**

**Член 1**

Се одредува проектот ..Проширување на локален пат с.Бохула – с.Крњево” како приоритетен проект на Општина Кавадарци за аплицирање по јавниот повик за користење на средства од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година , мерка 321.

**Член 2**

Проектот опфаќа реконструкција и проширување на 4.484,5 метри должина и 5,5м ширина од локалниот пат од селото Бохула до селото Крњево во вкупен износ од 19.990,527 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма ГА –Изградба на комерцијални објекти, а ќе бидат рефундирани по одобрување на проектот и прифатливите прошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот равој .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „ Службен Гласник на општина Кавадарци„.

**Бр. 08-2786/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.06.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност**
**за намената на инвестицијата**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2928/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе :

## ОДЛУКА
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Проширување на локален пат с.Бохула-с.Крњево“.

Член 2

Проектот опфаќа реконструкција и проширување на 4 484,5 метри должина и 5,5м ширина од локалниот пат од с.Бохула до с.Крњево во вкупен износ од 19 990,527 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма ГА –Изградба на комерцијални објекти, а ќе бидат рефундирани по одобрување на проектот и прифатливите прошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот равој .

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр. 08-2786/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.06.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одредување приоритетен проект за изработка на урбанистички планови за населени места**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одредување приоритетен проект за изработка на урбанистички планови за населени места, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2928/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе :

**ОДЛУКА**
за одредување на приоритетен проект

**Член 1**

Се одредува Проектот ..Изработка на урбанистички планови за населените места – села Моклиште, Михајлово и Тиквешко Езеро” како приоритетен проект на Општина Кавадарци за аплицирање по јавниот повик за користење на средства од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година , мерка 322.

**Член 2**

Проектот опфаќа урбанизација на населените места, села-Моклиште со вкупна површина од 69,76 хектари, Михајлово со вклупна површина од 61

хектари, Тиквешко Езеро со вкупна површина од 136,98 хектари и тоа за следните населени места – м.в Голеш вкупна површина од 18 хе, м.в Маркова круша, Рамниште, Грчаровец, Брушани и Крстот вкупна површина од 85,28 хе, м.в Марков Гроб, Косовец вкупна површина од 9,8 хе, м.в Бела Чешма вкупна поврпина од 5,9 хе и м.в Под ридот со вкупна површина од 18 хе. Вкупната површина за урбанизација за населените места – села изнесува 267,74 хектари. Потребните средстава за изработка на урбанистичките планови се со вкупен износ од 9,226.553,57 00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма ГА, а ќе бидат рефундирани по одобрување на проектот и прифатливите трошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот равој .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Сужбен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр. 08-2786/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.06.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата за изработка на урбанистички планови за населени места**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата за изработка на урбанистички планови за населени места, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2928/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар**
**Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе :

# ОДЛУКА

**За давање согласност за намената на инвестицијата**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Изработка на урбанистички планови за населените места – села Моклиште, Михајлово и Тиквешко Езеро

Член 2

Проектот опфаќа урбанизација на населените места, села-Моклиште со вкупна површина од 69,76 хектари, Михајлово со вклупна површина од 61 хектари, Тиквешко Езеро со вкупна површина од 136,98 хектари и тоа за следните населени места – м.в Голеш вкупна површина од 18 хе, м.в Маркова круша, Рамниште, Грчаровец, Брушани и Крстот вкупна површина од 85,28 хе, м.в Марков Гроб, Косовец вкупна површина од 9,8 хе, м.в Бела Чешма вкупна површина од 5,9 хе и м.в Под ридот со вкупна површина од 18 хе. Вкупната површина за урбанизација за населените места – села изнесува 267,74 хектари. Потребните средстава за изработка на урбанистичките планови се со вкупен износ од 9,226553,57 00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма, а ќе бидат рефундирани по одобрување на проектот и прифатливите прошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот равој .

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр. 08-2786/4**
**12.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за отпис на казнена камата бр.03-37/3 од 04.06.2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за отпис на казнена камата бр.03-37/3 од 04.06.2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2928/5**
**15.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр. 5/02), член 32 став од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 12.06.2015 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Одлуката за отпис на казнена камата бр.03-37/3 од 04.06.2015 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр.03-37/3, донесена на седница на Одборот на Фондацијата за подршка на МАЛИ БИЗНИСИ-Кавадарци на ден 04.06.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр. 08-2786/5**
**12.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти воОпштина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2928/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ("Сл.весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 199/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За продолжување на работното време на угостителските објекти воОпштина Кавадарци**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кавадарци, утврдено во член 23 став 1 точка 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за угостителската дејност, во деновите 12, 13 и 14.06.2015 година, за време на одржувањето на културната манифестација "Гурмански викенд, Баскерфест и Бели ноќи" , се продолжува за два часа .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-2786/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.06.2015 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План дел од Блок"Б" Урбан Блок "Едвард Кардељ" Општина Кавадарци, плански период 2014-2019**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План дел од Блок"Б" Урбан Блок "Едвард Кардељ" Општина Кавадарци, плански период 2014-2019, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2928/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 22 став 1 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 51/05, 137/07,91/09,124/10, 18/11,53/11,144/12,55/13, 163/13, 42/14,199/14,44/15), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 82 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План дел од Блок"Б" Урбан Блок "Едвард Кардељ" Општина Кавадарци, плански период 2014-2019**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци утврдува Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План дел од Блок"Б" Урбан Блок "Едвард Кардељ" Општина Кавадарци, плански период 2014-2019, со плански опфат:

- на север по оската на ул"Охридска";
- на исток по оската на ул"Горски венец";
- на југ по оската на ул"Максим Горки"и
- на запад по оската на ул"Илинденска",

според техничка документација бр.045/07/14 од изработена од Друштво за планирање, проектирање и инжинеринг "Тајфа-План" ДОО Скопје.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката за утврдување Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за дел од Блок”Б” Урбан Блок “Едвард Кардељ” Општина Кавадарци, плански период 2014-2019:

- текстуален дел со билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот
- синтезен графички приказ на планските решенија со тех.бр. бр.045/07/14 .

**Член 3**

По утврдувањето на Одлуката за Нацрт изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за дел од Блок”Б” Урбан Блок “Едвард Кардељ” Општина Кавадарци, плански период 2014-2019, Градоначалникот на Општина Кавадарци организира јавна презентација и јавна анкета.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2786/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.06.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година(набавка на контејнери за домување), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2928/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар**
**Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 1.500.000 денари од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година, со намена за набавка на 8 (осум) половни контејнери за домување, со цел згрижување на 8 (осум) семејства од ромска националност жители на Општина Кавадарци, од дивата населба во околината на ул ”Димката А Габерот” ул”Видое Смилевски и ул ”Нако Лазовски” Кавадарци .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2786/8**
**12.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за задолжување**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за задолжување, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2928/9**
**15.06.2015 година**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), а во врска член 131 со Деловникот за работа на Совет на Општина Кавадарци (Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.21/06), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 12 06.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за задолжување**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ги задолжува овластениот градежниот инспектор и овластениот инспектор за животна средина при Локална самоуправа Кавадарци да постапат во рамките на нивните надлежности и овластувања во врска со дивата населба во околината на ул ”Димката А Габерот” ул”Видое Смилевски и ул ”Нако Лазовски” Кавадарци .

Советот на Општина Кавадарци препорачува да се поднесе Иницијатива до надлежните институции за превземање на дејствија за отстранување од луѓе и ствари на узурпираното земјиште во околината на ул ”Димката А Габерот” ул”Видое Смилевски и ул ”Нако Лазовски” Кавадарци.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2786/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.06.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**